# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Службен весник на РМ, бр. 67 од 14.05.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 88/2005, 79/2007, 8/2008, 88/2008 и 56/2009), во членот 14 став (1) по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

„3) да не му е изречена споредна казна:

- забрана за добивање дозвола за вршење работи на осигурување, застапување во осигурувањето или осигурително брокерски работи,
- забрана за основање на нови правни лица,
- одземање на дозвола за вршење на работи на осигурување, застапување во осигурувањето или осигурително брокерски работи и
- привремена или трајна забрана за вршење на дејност од областа на осигурувањето;".

Точките 3 и 4 стануваат точки 4 и 5.

Во точката 5 која станува точка 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и" и се додава нова точка 7, која гласи:

„7) да не работи спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам."

**Член 2**

Во членот 19 став (5) зборовите: „Дирекција за спречување на перење пари" се заменуваат со зборовите: „Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам".

**Член 3**

Во членот 23 став (4) точка 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и", а по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи: „7) кое работи спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам."

**Член 4**

Во членот 25 точка 3 сврзникот „и" на крајот на реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 4 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и" и се додава нова точка 5, која гласи:

„5) именуваат овластено лице за имплементирање на програмата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, односно ќе формираат оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам."

**Член 5**

Во членот 28 став (1) точка 7 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и" и се додава нова точка 8, која гласи:

„8) кое работи спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам."

**Член 6**

Во членот 29 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) врши надзор и контрола над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање тероризам и".

Точката 5 станува точка 6.

**Член 7**

Во членот 108 став (2) точка 2) по зборот „пари" се додаваат зборовите: „и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам".

**Член 8**

Во членот 158-б став (1) точка 9 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и", а по точката 9 се додава нова точка 10, која гласи: „10) врши надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам." Точката 10 станува точка 11.

**Член 9**

Во членот 158-њ ставот (1) се менува и гласи:

„Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Македонија финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор".

**Член 10**

Во членот 168 став (1) точка 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и", а по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи: „7) друштвото ги прекрши одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам."

**Член 11**

Пред членот 244 се додава наслов „Предизвикување на стечајна постапка во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето", а членот 244 се менува и гласи: „(1) Тој што со своето работење ќе ги повреди одредбите на овој закон и ќе придонесе за отворање на стечајна постапка во друштво за осигурување, односно осигурително брокерско друштво, односно друштво за застапување во осигурувањето ќе се казни со затвор од три до десет години.

(2) Доколку делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.

(3) Судот ќе му изречи на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од Кривичниот законик."

**Член 12**

Пред членот 244-а се додава наслов „Достава на невистинити и неточни податоци од друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето и непостапување по решение", а членот 244-а се менува и гласи:

„(1) Тој што на Агенцијата ќе и достави невистинити и неточни податоци од значење за спроведување на супервизијата и тој што нема да постапува по решение на Агенцијата во предвидениот рок ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Доколку делата од овој член ги стори правно лице ќе се казни со парична казна.

(3) Судот ќе му изречи на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од Кривичниот законик."

**Член 13**

Пред членот 244-б се додава наслов „Незаконско работење на друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето", а членот 244-б се менува и гласи:

„(1) Тој што врши работи на осигурување, осигурително брокерски работи или работи на застапување во осигурувањето без дозвола од Агенцијата ќе се казни со казна затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.
(3) Судот ќе му изречи на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од Кривичниот законик."

**Член 14**

Пред членот 244-в се додава нов наслов „Незаконито постапување на овластен актуар", а членот 244-в се менува и гласи:
"(1) Овластен актуар кој спротивно на одредбите од овој закон и даде мислење на Агенцијата врз основа на невистинити факти и докази ќе се казни со казна затвор од една до две години.
(2) Судот ќе му изрече на сторителот од ставот (1) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од Кривичниот законик."

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".